
ОПШТИНА
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА
## ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,<br>Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Пред четири години заеднички започнавме да чекориме по патот на промените за подобро Ѓорче. Знаевме дека тој пат нема да биде лесен, и дека ќе се соочиме со бројни предизвици. Но, знаевме и дека нема друг пат, дека креативното мора да го победи деструктивното, дека надежта мора да го победи очајот, и дека само со работа може да создаваме подобра иднина.

Вашата доверба беше, е и ќе остане мојата најголема движечка сила. Кога го започнав мандатот, затекнав мноштво наследени долгови, недовршени и заковени проекти и долгогодишни проблеми што го оптоваруваа нашето заедничко секојдневие. Ова не го говорам како некој изговор, туку како факти што ги затекнавме, да ви доловам кај бевме и што направивме. Знаев дека паралелно мора да работам да се справам со наследените проблеми, да стабилизирам, и истовремено да реализирам проекти што носат нов раст и развој и обезбедуваат подобра, поубава и посветла иднина. Тоа дополнително ме мотивираше. Ние не бегаме од предизвиците, ние ги решаваме. По ѓорчевски.

Четири години подоцна, денеска, сите наследени долгови се целосно исплатени, а нови долгови не се создадени. Го отворивме патот на најголемиот инвестициски циклус во историјата на Ѓорче Петров. Градевме, се грижевме, инвестиравме, ги надминувавме пречките, и повторно продолжувавме да создаваме. Вложивме 350 милиони денари во капитални проекти, повеќе од било кој мандат предходно, односно нови улици, реконструкција и доградба на училишта, нови спортски објекти, нови фудбалски игралишта, мултифункционални терени, модерна инфраструктура и подобри услови за секое семејство. Тоа не го доживувам како мој личен успех, или пак успех само на мојот тим, тоа е ваш успех, почитувани ѓорчепетровци. Тоа е плод на вашата доверба, разбирањето, трпението, поддршката, инспирацијата. Заедничкиот успех е поголем успех. Бидете горди!

Драги мои ѓорчепетровци, пријатели, соседи,

Она што заедно го постигнавме е само темел – почеток на нешто уште поголемо. Пред нас е нова страница, и една нова реалност. Подобра, побогата, посреќна, и по обем и по содржина и по квалитет. Следува циклус на еден нов и обемен квалитативен бум на секое поле, со Влада и премиер кои се вистински партнери на сите општини, а не кочничари како некои претходно, кои знаат да поддржат и да помогнат наместо да опструираат, кои се грижат за сите луѓе и за секој дом. А ние максимално подготвени и кадровски и финансиски влегуваме во тој процес. Со многу проекти, со ваши проекти, со стручни лица што знаат да создаваат, со тим во општината составен од луѓе што не се штедат и се силно мотивирани да работат во интерес на сите вас, и благородно да одговорат на вашата доверба.

Новата изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ што ја претставуваме на овие локални избори е јасен патоказ за иднината – со нови капитални инвестиции, уредени маала, повеќе зелени површини, безбедност и квалитетен живот за сите генерации. Изборна програма која повторно заеднички ја пишувавме, во која се вткаени сите ваши идеи, предлози и визии за внесување на нов и дополнителен квалитет во нашиот заеднички дом, во нашето Ѓорче. Изборна програма што ќе ја реализираме повторно заедно!

Драги мои,

Го градиме Ѓорче. Современо. Урбано. Наше. Заедно почнавме, заедно продолжуваме. Верувам во вас, во вашата доверба и љубовта кон заедницата. Ветувам многу работа и многу реализирани проекти. Успехот е резултат на голем број на мали победи. Успехот е резултат на количеството вложен труд. Работата ќе победи! Креативноста ќе победи! Проектите ќе победат!

Знам дека секогаш знаете да носите вистински одлуки! И знам дека ќе го направите вистинскиот избор!

Со почит,
Александар Стојкоски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Бранкица Дуковски – носител на листа
2. Горан Гроздановски
3. Игор Антовски
4. Маја Крстевска
5. Михаил Пејковски
6. Марјан Ливриниќ
7. Јовица Спироски
8. Елена Стаменов
9. Милица Николиќ
10. Александар Трајковски
11. Лилјана Стојановска
12. Сашо Ристовски
13. Јован Поповски
14. Божин Давидовски
15. Загорка Несторовска
16. Александра Божиновска
17. Даниел Митевски
18. Славица Стојковска
19. Стефан Теофиловски
20. Сања Јаневска
21. Мира Трпеска Шљукич
22. Бојана Максимовска Здравески
23. Мартина Марковска



" SERVISNA ULICA "
NOVOSELSKI VODA
A1
B2
Д1
1786/1
1786/5
4 652 750
7 529 000
7 528 750

# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

- **1. ЃОРЧЕ ТВОЈ ДОМ - НОВА НАСЕЛБА ЗА МЛАДИ**
- **2. ПУМПНА СТАНИЦА И РЕЗЕРВОАР ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО**
- **3. ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА ЗА ОДРЖЛИВА ИДНИНА**
  (фотоволтаични панели на покривите на основните училишта за искористување на сончевиот потенцијал)
- **4. ПЕТ НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**
  (Дексион, Стопански Двор, Александрија, Хром, Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски)
- **5. МЕГАПАРК МАКЕДОНИЈА**
- **6. НОВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ЗА НАСЕЛБА АЛЕКСАНДРИЈА**
- **7. ПЕТ ДОГРАДБИ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА**
  („Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски“ – Хром и централно, „Јоаким Крчовски“, „Страшо Пинџур“, „Мирче Ацев“)
- **8. АРЕНА НА ПРИРОДАТА КУЧКОВО**
- **9. НОВ ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМ**
- **10. ПРОБИВАЊЕ НА УЛИЦА „ШАР ПЛАНИНА“**



# ИНФРАСТРУКТУРА И МОБИЛНОСТ

Инфраструктурата и мобилноста претставуваат темел за развојот на секоја современа општина. Со вложување во квалитетна патна мрежа, безбедни пешачки и велосипедски патеки, модерни сообраќајни решенија и одржлив јавен превоз, се обезбедува подобра поврзаност, побрз и полесен пристап до сите услуги и поголема безбедност за граѓаните. Овие инвестиции имаат цел да ја унапредат секојдневната функционалност, да ја зголемат ефикасноста на движењето и да создадат услови за рамномерен урбан развој.

## 1. ПУМПНА СТАНИЦА И РЕЗЕРВОАР ЗА ПОДОБРО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Изградба на пумпна станица, потисен цевковод и резервоар, со што ќе се добие трајно решавање на проблемот со недоволен притисок во мрежата на Општина Ѓорче Петров. Со квалитетен проект се решава овој долгогодишен проблем. Проектот ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

## 2. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ВОИН ДРАШКОЦИ“ ВО ХРОМ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проектот предвидува целосна реконструкција и изградба на нова подземна инфраструктура на ул. „Воин Драшкоци“ со современо решение за одведување на атмосферските води. Со реализација на проектот ќе се изгради атмосферска канализација која ќе овозможи приклучување и на околните улици: „Исаија Мажовски“, „Стево Филиповиќ“, „Браќа Галеви“, „Александар Мартулков“, „Ибе Паликуќа“ и „Злате Михајловски“. На овој начин ќе се обезбеди трајно решение за проблемот со атмосферските води, ќе се спречат честите поплави и оштетувања на коловозите, а исто така и ќе се зголемат безбедноста и квалитетот на живеење за жителите на овој дел од Општината.

## 3. ПОВРЗУВАЊЕ НА УЛ. „ВЕЛЕ МАРКОВ“ СО БУЛ. „МАКЕДОНСКА ВОЈСКА“

Со овој проект се предвидува изградба на сообраќајно поврзување помеѓу ул. „Веле Марков“ и бул. „Македонска војска“, со што ќе се овозможи побрз и поефикасен пристап за жителите на Ѓорче Петров и Хром. Новата врска ќе овозможи директно излегување на булеварот, што значително ќе го намали сообраќајниот метеж на постојните улици и ќе придонесе за побезбедно и поуредено движење. Проектот ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

## 4. ПОВРЗУВАЊЕ НА УЛ. „СОЦИЈАЛИСТИЧКА ЗОРА“ СО УЛ. „ПРОБИШТИПСКА“

Проектот опфаќа пробивање и изградба на нова сообраќајна врска помеѓу улиците „Социјалистичка зора“ и „Пробиштипска“. Со реализација на оваа сообраќајна врска ќе се обезбеди ефикасно поврзување на населбите во овој дел на Општината, ќе се растовари сообраќајниот метеж на околните улици и ќе се зголеми безбедноста и проточноста во сообраќајот. Овој инфраструктурен зафат ќе им овозможи на жителите подобар пристап до главните сообраќајници, пократко време на патување и поудобни услови за секојдневно движење.

## 5. ПОВРЗУВАЊЕ НА УЛ. „АЛЕКСО ДЕМНИЕВСКИ“ СО БУЛ. „МАКЕДОНСКА ВОЈСКА“

Предвидуваме изградба на ново сообраќајно поврзување помеѓу ул. „Алексо Демниевски“ и бул. „Македонска војска“, со што ќе се создаде директна врска кон една од најзначајните сообраќајници во општината. Со реализација на овој зафат ќе се растовари постојниот метеж на околните улици, ќе се подобри пристапот за жителите на Ѓорче Петров како и за сите кои секојдневно гравитираат кон овој дел од градот.

## 6. ИЗГРАДБА НА НОВ КРУЖЕН ТЕК НА БУЛ. „МАКЕДОНСКА ВОЈСКА“

Проектот предвидува изградба на нов кружен тек на бул. „Македонска војска“ со цел подобрување на безбедноста и протокот на сообраќајот. Со реализација на овој проект ќе се намалат сообраќајните гужви, ќе се зголеми безбедноста за возачите и пешаците, а исто така и ќе се подобри поврзаноста со околните улици и населби. Кружниот тек ќе биде изграден според современи стандарди, со уредени пешачки премини, велосипедски патеки и хортикултурно озеленување на средишниот дел. Дополнително, ќе бидат поставени модерни сообраќајни решенија и осветлување за непречено и безбедно функционирање. Проектот ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

## 7. ПРОБИВАЊЕ НА УЛ. „ШАР ПЛАНИНА“

Планираме и реализираме пробивање на ул. „Шар планина“ во населбата Даме Груев, со изградба на пешачка патека и целосно осветлување по целата должина. Овој зафат е клучен за подобрување на сообраќајната поврзаност во Општината и ќе обезбеди нова сообраќајна врска за повеќе од 20 000 жители. Со реализацијата на проектот ќе се растовари сообраќајниот метеж, ќе се подобри урбаната инфраструктура и ќе се овозможи функционална средина за живеење во овој дел од Ѓорче Петров. Проектот ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

## 8. ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „ШАРПЛАНИНСКА“ СО УЛ. „1“ И УЛ. „4“ ВО ДУП СЗ 03 НОВО СЕЛО

Изградба и поврзување на фекална и атмосферска канализација на ул. „Шарпланинска“ со ул. „1“ и ул. „4“ во ДУП СЗ 03 Ново Село. Со реализацијата на овој проект ќе се обезбеди ефикасно и безбедно одведување на отпадните и атмосферските води, што ќе го спречи појавувањето на поплави и оштетувања на коловозите и околните површини.

## 9. ИЗГРАДБА НА УЛ. „1“ ВО СЗ 03 СО АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Изградба на ул. „1“ во СЗ 03 заедно со нов систем за атмосферска и фекална канализација. Со реализацијата на проектот ќе се обезбеди ефикасно одведување на дождовните и отпадните води, што ќе спречи поплави, оштетувања на коловозот и други инфраструктурни проблеми.

## 10. ПРОБИВАЊЕ НА УЛ. „ТИРАНСКА 2“ СО АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проектот предвидува пробивање и изградба на ул. „Тиранска 2“, со цел подобрување на сообраќајната инфраструктура и овозможување на безбедно и проточно движење на возилата. Истовремено, ќе се изгради современ систем за атмосферска и канализациска одводна мрежа, со што ќе се спречат локални поплави и ќе се подобри хигиената.

## 11. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „АРСЕНИЈ ЈОВКОВ“ СО АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Предвидуваме целосна реконструкција на ул. „Арсениј Јовков“ со изградба на нов систем за атмосферска канализација. Со овој зафат ќе се обезбеди трајно решение за одведување на дождовните води, со што ќе се спречат задржувања, поплави и оштетувања на коловозната површина.

## 12. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНАТА УЛИЦА ВО НОВО СЕЛО СО АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, ПЕШАЧКА И ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА

Проектот предвидува целосна реконструкција на главната улица во населбата Ново Село со изградба на нов систем за атмосферска канализација. Со реализацијата на проектот ќе се обезбеди ефикасно одведување на дождовните води, ќе се спречат поплави и оштетувања на коловозот и инфраструктурата.

## 13. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ „84“, „44“, „46“ и „10“ ВО КИСЕЛА ЈАБУКА

Целосна реконструкција на улиците „84“, „44“, „46“ и „10“ во населбата Кисела Јабука. Со реализацијата на проектот ќе се обноват коловозите, тротоарите и урбаната инфраструктура, со што ќе се подобрат сообраќајната безбедност и пристапноста за возила и пешаци.

## 14. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Предвидуваме целосна реконструкција и асфалтирање на сите дотраени и новоизградени локални улици на територијата на Општината. Реконструкцијата ќе вклучи поставување на нови коловози, тротоари и сообраќајна сигнализација, со што ќе се создаде функционална и современа сообраќајна мрежа за сите граѓани.

## 15. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ ПРЕМИНИ

Железничките премини на територијата на Општината се во лоша состојба – коловозните површини се оштетени, што го отежнува нормалното движење на возилата и претставува ризик за безбедноста на сообраќајот. Со цел да се зголеми безбедноста и да се подобри проточноста на сообраќајот, ќе се реализира проект за целосна реконструкција на железничките премини. Проектот ќе се спроведе во тесна соработка со Македонски железници Инфраструктура, која е надлежна за управување и одржување на железничката мрежа.

## 16. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНАТА УЛИЦА ВО ОРМАН И УЛ. „2“

Проектот предвидува целосна реконструкција на главната улица во населбата Орман и ул. „2“ со цел да се подобри инфраструктурата, безбедноста и проточноста на сообраќајот. Ќе се обноват коловозните површини, тротоарите и пешачките патеки, ќе се подобрат уличното осветлување и сообраќајната сигнализација.

## 17. НОВА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ВО ДЕКСИОН

Предвидуваме изградба на месна заедница што ќе служи како централно место за социјални, културни и административни активности за жителите на населбата. Месната заедница ќе овозможи организирање состаноци, културни настани, работилници и услуги за граѓаните, поттикнувајќи заедништво и подобрување на квалитетот на животот

## 18. СОВРЕМЕНИ КАТНИ ГАРАЖИ

Проектот предвидува изградба на две катни гаражи во близина на пазарот во Ѓорче Петров, со цел подобрување на сообраќајната инфраструктура и решавање на проблемот со недостатокот на простор за паркирање во централниот дел на Општината.

Проектот ќе овозможи пофункционален, организиран и современ урбан простор, кој ќе го подобри секојдневното живеење и движење на жителите.

## 19. НОВИ ПЕШАЧКИ ЗОНИ СО ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

Планираме создавање на безбедна и современа пешачка зона со интегрирани велосипедски патеки во населбата Даме Груев. Пешачката зона и велосипедските патеки ќе бидат целосно осветлени и урбано уредени, со зеленило и места за одмор, што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на животот, зголемување на безбедноста и поттикнување на здрави навики и активен начин на живот.

## 20. СОВРЕМЕНА ПЕШАЧКА И ВЕЛОСИПЕДСКА ЗОНА ВО КИСЕЛА ЈАБУКА

Проектот предвидува изградба на пешачка патека и велосипедска патека по должина на ул. „10“ до Основното училиште „Тихомир Милошевски“, на место на постоечки канал. Овој зафат е клучен за жителите на населбата и ќе овозможи безбеден и функционален пристап до училиштето за учениците, како и подобрена мобилност и безбедност за сите жители.

## 21. УРБАНИ И СОВРЕМЕНИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Планираме изградба на пристапни патеки со павер-елементи до зградите на територијата на Општината со фокус на местата со дотраени и оштетени пристапни патеки. Со реализацијата на проектот ќе се обезбеди безбеден и функционален пристап за пешаците, особено за деца, лица со попреченост и за возрасни граѓани.

## 22. ПРИСТАПНОСТ ЗА СИТЕ

Проектот предвидува изградба на пристапни патеки за инвалидни лица низ целата Општина, со цел да се обезбеди безбеден и непречен пристап до јавните и урбаните простори. Патеките ќе бидат адаптирани според современите стандарди за пристапност, со рампи и соодветни материјали, овозможувајќи лесно движење за лица со попреченост и користење на инвалидски колички. Со реализацијата на проектот ќе се поттикне социјална инклузија, ќе се подобри квалитетот на животот и ќе се создаде урбана средина која е пријателска и достапна за сите граѓани.

## 23. ПОСТАВУВАЊЕ ПРИСТАПНИ РАМПИ, ЛИФТОВИ И АДАПТАЦИЈА НА ТОАЛЕТИ ЗА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Со цел унапредување на инклузивноста, обезбедување еднакви можности и подобрување на квалитетот на животот на лицата со телесна попреченост ќе го реализираме проектот за поставување на пристапни рампи, изградба на лифтови и адаптација на тоалети за лицата со телесна попреченост во училиштата. Овој проект е продолжение на заложбите на Општината да создаде општина достапна за сите.

## 24. ОДВЕДУВАЊЕ И РЕГУЛАЦИЈА НА ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ ВО СТОПАНСКИ ДВОР

Подземните води во Стопански Двор претставуваат сериозен проблем за нормалното функционирање на објектите и движењето на возилата. Високото ниво на подземните води предизвикува локални поплави, оштетување на инфраструктурата и ризик за безбедноста на работата. Проектот предвидува изградба на систем за одведување и регулација на подземните води со цел нивно контролирано одведување и заштита на имотот. Работата ќе се реализира во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП).

## 25. НОВО ШЕТАЛИШТЕ ВО КИСЕЛА ЈАБУКА

Предвидуваме современо, безбедно шеталиште со улично осветлување и урбана опрема по должина на ул. „84" покрај пруга. Овој потег ќе го подобри пристапот, комуникацијата и движењето на пешаците, истовремено создавајќи простор за рекреација и социјализација на граѓаните. Проектот ќе придонесе за модернизација на инфраструктурата и за уреден и функционален дел во ова населено место.

## 26. ЕДНОНАСОЧЕН СООБРАЌАЈ ВО ХРОМ

Преку целосна сообраќајна регулација во населбата Хром, ќе ја подобриме безбедноста, проточноста и организацијата на сообраќајот. Ќе се уредат улиците, крстосниците и пешачките премини, ќе се постават соодветни сообраќајни знаци и сигнализација, како и безбедни зони за пешаци и велосипедисти. Оваа интервенција ќе придонесе за помалку застои, зголемена безбедност и подобра мобилност на граѓаните.

## 27. УРБАН СКВЕР НА „ШИДСКА"

Општината ќе проектира и ќе изгради нов современ урбан сквер со простор за паркирање и парк кај зградите на ул. „Шидска". Новиот паркинг ќе овозможи удобен и безбеден пристап за жителите и посетителите, ќе го растовари сообраќајот на околните улици и ќе придонесе за поуреден урбан простор.

## 28. НОВИ ДЕТСКИ КАТЧИЊА

Проектот предвидува изградба на 20 современи детски катчиња на повеќе локации низ целата територија на Општината. Катчињата ќе вклучуваат безбедни и модерни реквизити за игра, простори за учење преку игра и зелени површини за рекреација на децата.

## 29. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ С. ВОЛКОВО – С. КУЧКОВО

Со проширување на постојниот пат и целосна реконструкција на коловозот и пешачка патека, патот ќе овозможи подобрена поврзаност, безбеден пристап и транспорт, како и развој на регионалната инфраструктура и локалната економија.

## 30. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ С. КУЧКОВО – ЛОКАЛИТЕТ КРСТ КУЧКОВО

Проектот предвидува проширување на постојниот пат со целосна реконструкција на коловозот. Патот ќе овозможи подобрена поврзаност, безбеден пристап и поголема посетеност на локалитетот Крст и новиот спортско-рекреативен парк Кучково.

## 31. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ ОД С. ОРМАН ДО С. НИКИШТАНЕ

Реконструкцијата на патот меѓу Орман и Никиштане предвидува проширување на коловозот и изградба на пешачка и велосипедска патека со осветлување. Со реализацијата ќе се олесни транспортот и мобилноста на жителите, како и развојот на локалните економски и социјални активности.

## 32. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Општина Ѓорче Петров, со поддршка на Владата на Република Македонија, реализира голем инфраструктурен проект кој опфаќа реконструкција и изградба на повеќе улици, краци и патишта во населените места Волково, Кисела Јабука, Орман, Кучково и Ново Село.

Во рамките на проектот ќе се изврши реконструкција на ул. „31“ во Волково, краците на улиците „49“ и „95“ во Волково, краците на ул. „81“ во Волково, како и краците на ул. „33“ во Волково и ул. „52“ во Стопански Двор. Дополнително ќе се реконструираат краците на улиците „35“, „37“, „39“, „41“, „102“ и „103“ во Волково, дел од ул. „95“ и краците на ул. „60“ во Волково, како и улиците „20“, „84“ и „44“ со крак во Кисела Јабука.

Предвидена е и реконструкција на краци на ул. „1“ во Ново Село, како и улиците и краците во целото село Орман. Во рамките на зафатот ќе биде опфатена и ул. „51“ во Стопански Двор, улицата кон Старо Буре, како и улицата во с. Кучково што води кон црквите Св. Недела и Св. Петка.

Сиве овие инфраструктурни зафати ќе обезбедат ново асфалтно покритие, уредени пешачки патеки, современа сообраќајна сигнализација со што ќе се подобрат мобилноста, пристапот до домовите, училиштата и јавните објекти.

Реализацијата на проектот е предвидена да заврши до крајот на 2025 година.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Животната средина е основа за здрав и достоинствен живот, а нејзината заштита и унапредување претставуваат еден од главните приоритети во програмата. Соочени со предизвиците на современото живеење и урбаниот развој вложуваме во чист воздух, заштита на водите и почвата, одржување и проширување на зелените површини, како и во создавање услови за одржлива иднина. Особено значајна е и едукацијата на населението, бидејќи свесниот и одговорен однос кон природата започнува од секој поединец. Со ваквите мерки Општината долгорочно ќе се развива како зелена, чиста и хумана средина, која обезбедува подобро секојдневие за сегашните жители и трајна вредност за идните генерации.

## 33. ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО СЕЛАТА НИКИШТАНИ И КУЧКОВО

Планираме современи пречистителни станици за отпадни води во населените места Никиштани и Кучково. Пречистителните станици ќе придонесат за подобрување на хигиенските услови, ќе овозможат одржлив развој на населените места и подигнување на квалитетот на живот.

## 34. ЗДРАВ ДОМ

Проектот предвидува субвенционирање на целосна замена на старите и опасни азбестни кровови со нови, безбедни и современи кровни конструкции. Со реализацијата на проектот ќе се подобрат здравјето и безбедноста на семејствата, ќе се зголеми енергетската ефикасност на домовите и ќе се овозможи подобра заштита од атмосферските влијанија. Проектот е дел од долгорочната стратегија за унапредување на квалитетот на животот и создавање сигурна и здрава животна средина за жителите на Општината.

## 35. ПАРК АЛЕКСАНДРИЈА

Планираме изградба на нов современ парк во населбата Александрија, кој ќе биде простор за рекреација, одмор и социјализација за жителите на Општината. Паркот ќе вклучува пешачки и велосипедски патеки, детски игралишта, зелени површини за одмор, спортски зони и места за социјални активности. Со овој проект ќе се унапреди квалитетот на животот, ќе се зголеми достапноста до зелени површини и ќе се создаде пријатна и безбедна средина за сите генерации.

## 36. ПАРК ВОЛКОВО

Предвидуваме изградба на нов парк покрај главната улица во населбата Волково, кој се реализира преку програмата Interreg – Euromed. Паркот ќе вклучува современи елементи за рекреација и одмор, како што се пешачки патеки, зелени површини, клупи, детски игралишта и места за социјални активности.

## 37. ПЛОШТАД ВО ЦЕНТРАЛНИОТ ПАРК

Предвидуваме изградба на нов плоштад со современ дизајн, зелени површини и урбана опрема, прилагоден за одмор, дружење и културни активности. Во рамки на плоштадот ќе се изгради и модерна бина со потребна инфраструктура за одржување концерти и јавни настани, со што ќе се создаде функционален и привлечен јавен простор за сите генерации.

## 38. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА ОТПАДОТ

Имаме за цел да ја поттикнеме еколошката свест на учениците во однос на селектирање и третирање на отпадот. Во сите училишта покрај постојните места за одлагање на пластика, стакло, хартија и електронски отпад ќе бидат поставени и соодветни канти за одлагање на текстилен отпад и биолошки отпад. Дополнително ќе бидат одржани предавања од стручни лица во соодветни лаборатории, ќе бидат направени практични вежби за третирање на текстилниот и биолошкиот отпад со што се подига еколошката свест, се селектира и правилно се третира отпадот. Очекувањата се општината да го сведе отпадот кој не може да се селектира на минимум, а учениците и родителите да ги препознаат придобивките од ваквите активности.

## 39. НОВА ОПРЕМА ЗА КОМУНАЛНИОТ ПУНКТ

Се планира набавка на нова опрема за комуналниот пункт, со цел подобрување на услугите за одржување на јавната чистота и инфраструктурата во општината. Со модернизирана опрема ќе се овозможи поефикасно собирање и транспорт на отпадот, побрзо и поквалитетно извршување на комуналните задачи и подобрување на хигиената и квалитетот на животот за граѓаните.

## 40. ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА - ОДРЖЛИВА ИДНИНА

Ќе инсталираме фотоволтаични панели на крововите на основните училишта со инсталирана моќност од 2MW искористувајќи го во целост нивниот потенцијал. Со овој проект обезбедуваме делумна енергетска независност, заштита на крововите на објектите како и дополнителни приходи во буџетот на Општината.

## 41. ИЗГРАДБА НА ПАРК МАКЕДОНИЈА

Планираме создавање на модерен и функционален јавен простор покрај реката Вардар, изведен по највисоки урбани и еколошки стандарди. Паркот ќе содржи цен-

тrален плоштад со современ дизајн, фонтани како визуелна и естетска атракција, како и современа бина опремена за одржување концерти, културни настани и јавни собири. Покрај тоа проектот вклучува трим-патека за трчање, пешачки и велосипедски патеки, уредени зелени површини, детски игралишта и рекреативни зони, што ќе овозможи простор за одмор, спорт, дружење и активен живот на отворено.

## 42. СУБВЕНЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕНЕРГЕТСКИ КЛИМА УРЕДИ

Во насока на унапредување на енергетската ефиканост, заштита на животната средина и намалување на трошоците на граѓаните ќе го реализираме проектот за субвенционирање на граѓаните за набавка на високоенергетски клима уреди.

## 43. СУБВЕНЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НАБАВКА НА ВЕЛОСИПЕД, ЕЛЕКТРИЧЕН ТРОТИНЕТ И ЕЛЕКТРИЧЕН ВЕЛОСИПЕД

Проектот има за цел да ја поттикне употребата на еколошки, одржливи и здрави начини на превоз помеѓу граѓаните. Со намалување на употреба на моторни возила директно придонесуваме за намалување на аерозагадувањето и подобрување на квалитетот на животот во општината.

## 44. СУБВЕНЦИИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОЏАЦИТЕ

Овој проект е насочен кон подобрувањето на безбедноста, здравјето и квалитетот на живот на граѓаните. Целта е субвенционирање на граѓаните за чистење на оџаците со што се овозможува редовно и правилно оддржување на оџаците во домовите.

## 45. СУБВЕНЦИИ ЗА СТЕРИЛИЗАЦИЈА И КАСТРАЦИЈА НА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

Овој проект е насочен кон подобрување на здравјето на домашните миленици и контрола на популацијата на животните во околината. Преку финансиската поддршка од 50% или до 2 000 денари за стерилизација и кастрација ја олеснуваме оваа постапка за сопствениците на миленици и придонесуваме кон хуман третман на животните.

## 46. ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ

Проектот предвидува изградба на прв специјализиран парк за миленици во Општина Ѓорче Петров. Паркот ќе биде уреден со зелени површини, специјални зони за игра и обука на кучиња, урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци, чешми за миленици) и безбедносна ограда. Со оваа иницијатива ќе се обезбеди простор каде граѓаните и нивните миленици ќе можат да се рекреираат, да развиваат социјализација и да поминуваат квалитетно време во здрава и безбедна средина.

## 47. АЖУРИРАЊЕ НА ИНТЕГРИРАН КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ

Имаме за цел создавање и одржување на ефикасен и современ систем за следење на субјектите кои придонесуваат кон загадувањето на животната средина на територија на Општина Ѓорче Петров. Со ажурирање на катастарот, Општината ќе добие прецизни и релевантни податоци за индустриски, комерцијални и други извори на загадување со цел подобро управување и превенција на штетни влијанија врз здравјето на граѓаните и животната средина.

## 48. ПРИМАРНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД ВО РУРАЛНИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Ќе ја поттикнеме примарната селекција на отпад од страна на домаќинствата во руралниот дел на Општината со што самите жители ќе влијаат врз управувањето со отпадот, намалувањето на дивите депонии и изгледот на овие населени места. За реализација на овој проект ќе се поделат канти за примарна селекција на отпадот, односно канти за собирање на пет амбалажа, лименки и хартија.

## 49. ОДЛОЖИ ОТПАД

Општината во соработка со колективните постапувачи два пати во годината на одредени локации ќе организира привремени собирни пунктови за сите видови отпад и на граѓаните ќе им се овозможи бесплатно одлагање на отпад.

## 50. ОСТРОВИ ЗА РЕЦИКЛАЖА

Предвидуваме поставување на современи острови за рециклажа на јавни места, со цел олеснување на селектирањето на отпадот и промоција на еколошки свесно однесување кај граѓаните. Со овие острови ќе се зголеми ефикасноста на собирање хартија, пластика, стакло и метал, ќе се намали загадувањето и ќе се поттикне одржливо управување со отпадот во општината.

## 51. НОВО ВОЗИЛО ЗА ЗЕЛЕН ОТПАД

Со цел подобрување на управувањето со зелените отпадоци, проектот предвидува набавка на ново специјализирано возило кое ќе овозможи граѓаните да пријавуваат зелен отпад и истиот да се подигне од домовите. Оваа иницијатива ќе овозможи почисти јавни површини, паркови и градини, ќе го намали несаканиот отпад и ќе го подобри квалитетот на животот на жителите во општината.

## 52. ЗЕЛЕН КАТАСТАР

Проектот има за цел воспоставување на систематизирана и ажурирана база на податоци за зелените површини на територија на општината, вклучувајќи паркови, градини, дрвореди, дрвја и други елементи на урбаната зелена инфраструктура. Катастарот овозможува ефикасно управување, заштита и оддржување на зелените површини, како и планирање на нови зелени површини во согласност со потребите на граѓаните

и еколошките стандарди

## 53. ЕКОЛОШКИ СИСТЕМИ ЗА ЗАГРЕВАЊЕ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

Во насока на директно влијание врз подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух, ќе се изврши замена на изворите на енергија кај системите за греење на јавните објекти кои се во надлежност на Општината. Дополнително ќе се инсталираат и паметни системи за автоматизација и контрола со што директно ќе влијаеме на енергетската ефикасност на самите објекти.

## 54. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ФАСАДИ НА ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ

Во насока на унапредување на енергетската ефиканост, заштита на животната средина и намалување на трошоците за греење на граѓаните ќе го реализираме проектот енергетски ефикасни фасади на јавните објекти. Со овој проект директно влијаеме на потрошувачката на енергија потребна за греење и ладење, но и го подобруваме изгледот на самите објекти.

## 55. ФИЛТРИ НА ОЏАЦИТЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ОБЈЕКТИ

Овој проект е насочен кон подобрувањето на состојбата на амбиенталниот воздух и намалување на загадувањето на истиот од страна на домаќинствата што се загреваат на цврсти и фосилни горива.

## 56. БУНАРСКИ ВОДИ, ЖИВОТ ЗА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО

Овој проект е насочен кон искористување на подземните води за наводнување на градското зеленило. Со изведба на бунари на големите тревни површини во рамки на јавните објекти како и кај површините опфатени со блоковското зеленило, ќе обезбедиме стабилен извор за наводнување. Исто така ќе влијаеме врз заштеда на питката вода како и намалување на финансиските трошоци поврзани со истата.

## 57. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БЛОКОВСКОТО ЗЕЛЕНИЛО

Планираме целосна реконструкција на блоковското зеленило на улиците „Социјалистичка зора", „4- ти Јули", „Лука Геров" и „Исаија Мажовски". Системи за наводнување, обнова на тревните површини, хортикултурно уредување и нови растенија ќе ја дадат новата слика за овие делови на Општината.

## 58. ВИКЕНД НА ЕКО-КУЛТУРА

Ќе организираме Викенд на еко-култура со цел подигнување на свеста за еколошките предизвици преку интерактивни, креативни и едукативни активности насочени кон најмладите. Викендот на еко-култура ќе вклучува активности поврзани со засадување и одржување на ботаничка градина во дел од паркот, работилници, предавања од експерти, квизови, литературни и ликовни конкурси, како и натпревари на тема еколошка култура и пермакултура.

## 59. ЗАЕДНИЧКИ ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Ќе отпочнеме заеднички зелени иницијативи со општини од Европската Унија, со цел подобрување на животната средина и одржлив развој на Општина Ѓорче Петров. Преку соработка и размена на искуства со европските партнери, ќе воведеме иновативни и еколошки прифатливи решенија за управување со отпад, заштита на зелените површини, енергетска ефикасност и чиста животна средина. Овие проекти ќе ја поддржат транзицијата кон зелена и отпорна општина, со фокус на заштита на природните ресурси и промоција на еколошката свесност кај граѓаните. Заедничките активности со општините од ЕУ ќе донесат дополнителни финансиски средства, знаење и техничка поддршка, што ќе придонесе за поквалитетен и поздрав живот.

Рок: 2026 – 2029 година



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО, ВО ДЕЦАТА И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Образованието и детската заштита се темелите на иднината. Создавањето услови за квалитетно учење, развој на таленти и безбедно детство е најважната инвестиција во иднината на нашите деца. Посебен акцент се става на воведување едносменска настава каде што е можно што ќе овозможи поефикасно учење и подобра организација на наставниот процес. Дополнително се предвидуваат активности за поддршка и заштита на децата, создавајќи безбедна и мотивирачка средина која ги инспирира учениците да се развиваат и да учат со задоволство. Со овие мерки градиме иднина во која секое дете ќе има еднакви можности за квалитетно образование и простор за еднаков раст и развој.

## 60. ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ДЕКСИОН

Планираме изградба на современа детска градинка во населбата Дексион. Градинката ќе вклучува простории за учење и игра, безбедни надворешни игрални површини и современи услови за персоналот и децата. Со реализацијата на проектот ќе се зголеми капацитетот за згрижување на децата, ќе се унапреди квалитетот на образованието и ќе се овозможи безбеден и стимулирачки амбиент за најмладите жители.

## 61. ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО СТОПАНСКИ ДВОР

Нова детска градинка ќе добие и населбата Стопански Двор, сместена во близина на планираните спортски и рекреативни објекти. Градинката ќе нуди модерни училници, безбедни игралишта и површини за развој на креативноста и социјалните вештини на децата. Со овој проект ќе се овозможи подобар пристап до детски образовни услуги и квалитетна грижа за децата.

## 62. ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО АЛЕКСАНДРИЈА

Проектот предвидува изградба на современа детска градинка во населбата Александрија со цел да се зголеми капацитетот за згрижување на децата и да се создаде стимулативен образовен амбиент. Објектот ќе има простории за игра и учење, безбедни надворешни површини за рекреација и современа инфраструктура за персоналот.

## 63. ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ООУ „ДИМИТАР ПОП ЃЕОРЃИЕВ БЕРОВСКИ“

Нова детска градинка во ООУ „Димитар Поп Ѓеоргиев Беровски“ со цел да се обезбеди современ простор за згрижување и образование на децата. Градинката ќе вклучува училници, безбедни игралишта, зелени површини и современа опрема за детски активности.

## 64. ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ХРОМ

Проектот предвидува изградба на нова детска градинка во населбата Хром, со цел да се овозможи современ и безбеден простор за ран детски развој. Објектот ќе вклучува занимални, игралишта, спортски и рекреативни површини и современа инфраструктура за персоналот и за децата. Градинката ќе придонесе за подобрување на квалитетот на животот на семејствата во населбата и ќе обезбеди стимулирачка и сигурна средина за раст и развој на децата.

## 65. ИЗГРАДБА НА НОВА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА ВО КЛОНОТ „СОНЦЕ“ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РОСИЦА“

Проектот има за цел обезбедување на современа и функционална кујна која ќе овозможи квалитетно, здраво и безбедно исхранување на децата во детската градинка. Со изградбата на новата централна кујна ќе се обезбедат модерни услови за подготовка и сервирање на оброци, со примена на највисоки стандарди за хигиена и безбедност.

## 66. НОВ ПАРКИНГ ВО ООУ „ДИМИТАР ПОП ЃЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ“

Новиот паркинг ќе овозможи безбеден и организиран простор за возилата на вработените и родителите, а со изградбата на оградата ќе се обезбеди заштита на дворот и контролиран пристап до училиштето. Овој проект придонесува кон подобрување на инфраструктурата на училиштето, зголемување на безбедноста и создавање услови за уреден и современ училиштен простор.

## 67. ДОГРАДБА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ООУ „ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ“ - ХРОМ

Со доградбата и проширувањето на училиштето ќе се создадат дополнителни училници, простории за воспитно-образовни активности и содржини за развој на креативноста и тимската работа кај децата. Реализацијата на проектот ќе овозможи намалување на пренатрупаноста во училниците, подобрување на наставниот процес и создавање безбедно и инспиративно училишно опкружување кое ќе одговара на потребите на совреме

## 68. ДОГРАДБА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“

Со доградбата и проширувањето на училиштето ќе се создадат дополнителни училници, простории за воспитно-образовни активности и содржини за развој на креативноста и тимската работа кај децата. Реализацијата на проектот ќе овозможи намалување на пренатрупаноста во училниците, подобрување на наставниот процес и создавање безбедно и инспиративно училишно опкружување кое ќе одговара на потребите на современото образование.

## 69. ДОГРАДБА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“

Проектот има за цел проширување на училиштето со нови училници и дополнителни простории за воспитно-образовни активности, со што ќе се обезбедат подобри услови за настава и учење. Овој проект го унапредува образовното опкружување и го прави училиштето достапно и функционално за сите ученици.

## 70. ДОГРАДБА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ООУ „ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ“ – ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ

Доградбата и проширувањето е проект со кој ќе се одговори на потребите од зголемен број на кабинети за настава со цел обезбедување на современи и квалитетни услови за едносменско образование и воспитание.

## 71. ДОГРАДБА НА ООУ „МИРЧЕ АЦЕВ“

Проектот има за цел проширување на училиштето со четири нови училници, со што ќе се обезбедат современи и функционални простории за настава. Доградбата ќе одговори на зголемените потреби за кабинети и ќе овозможи квалитетно и современо образовно опкружување за учениците.

## 72. СПОРТСКИ ЦЕНТАР ВО ООУ „ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ“

Проектот има за цел создавање современ спортски центар во рамките на ООУ „Тихомир Милошевски“, кој ќе обезбеди квалитетни услови за спорт и рекреација на учениците и младите. Центарот ќе содржи мултифункционално игралиште со подлога од тартан и фудбалско игралиште со вештачка трева, дополнителни простории за тренинг и рекреативни активности.

## 73. НОВО УЧИЛИШТЕ ВО АЛЕКСАНДРИЈА

Планираме изградба на ново училиште во населбата Александарија, потреба која произлегува од динамичниот развој на Општината и зголемувањето на бројот на жители и млади семејства. Новото училиште ќе биде центар на образование и воспитување, создаден по највисоки стандарди за безбедност и функционалност, со што ќе се обезбеди квалитетна настава и поддршка на континуираниот раст и развој на заедницата.

## 74. ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ВО НИКИШТАНИ

Целта на проектот е да се обезбеди современа и функционална спортска инфраструктура за учениците од училиштата во Никиштани. Дополнително, спортската сала ќе биде достапна за организирање на натпревари, училишни спортски активности и рекреативни програми, со што ќе се подобри квалитетот на наставата и физичката активност на младите.

## 75. НОВИ КАБИНЕТИ ПО ИНФОРМАТИКА

Ќе набавиме 200 нови компјутери за подобрување на воспитно-образовниот процес со цел обезбедување на еднакви можности за дигитално образование на секој ученик и за реализација и осовременување на наставата по информатика.

## 76. ФОРМИРАЊЕ НА КЛУБОВИ ЗА РОБОТИКА, ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Согласно со брзиот технолошки развој на општеството, основните училишта ќе ја унапредуваат наставата преку формирање клубови за роботика, вештачка интелигенција и дигитализација на наставата кои ќе имаат за цел практично да употребуваат материјали, вештачка интелигенција и дигитални вештини во училиштата. За нив Општината ќе обезбеди ресурси и соодветни стручни лица и компании што ја третираат наведената проблематика. Крајната цел е да се изработат роботи и дигитални содржини на училишно ниво што ќе ги поттикнат учениците да учат, да ги надградуваат своите знаења, да бидат креативни, а исто така и да учествуваат на натпревари каде ќе ги претстават своите достигнувања.

## 77. МЛАДИНСКИ ФЕСТИВАЛ НА ИНОВАЦИИ

Организирање фестивал каде младите таленти ќе можат да ги претстават своите идеи, проекти и иновативни решенија од областа на технологијата, уметноста, екологијата, спортот и општествените иновации.

## 78. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТЕН ПРИСТАП ДО ИНТЕРНЕТ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Во насока на унапредување на наставата во основните училишта, продолжуваме да обезбедуваме квалитетен пристап до Интернет за сите основни училишта, а во насока на дигитализацијата во наставата ќе обезбедиме паметни телевизори во сите училишни простории, како и интерактивни табли во секое училиште. Дополнително со информативни табли ќе бидат обезбедени холовите на училиштата. Со овој проект директно влијаеме врз дигитализацијата и осовременувањето на наставата.

## 79. СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Ќе воведеме стипендии за талентирани ученици од Општина Ѓорче Петров, како форма на признание и поддршка за нивните постигнувања на државни и меѓународни натпревари по различни предмети. Стипендиите ќе се доделуваат во траење од 9 месеци, со цел да се мотивираат учениците да продолжат со вложување во знаење, учење и натпреварување.

## 80. ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ ЗА НАЈЧИСТОТО И НАЈУРЕДЕНОТО УЧИЛИШТЕ

Во насока на унапредување на екологијата и чувањето на животната средина во основните училишта и подигање на свеста на учениците, родителите, наставниците и техничкиот персонал за екологијата, ќе бидат организирани активности на обуки, работилници и трибини за развој на теоретски знаења и практични вештини за развој на еколошката свест. За најчистото и најзеленото еко-училиште ќе биде доделено „Зеленото знаме“, кое е највисока награда од проектот.

## 81. ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ РАБОТИЛНИЦИ, ТРИБИНИ, КВИЗОВИ И НАТПРЕВАРИ ВО ПРВА ПОМОШ

Во насока на унапредување на наставата во основните училишта, обезбедуваме соработка со Црвениот крст и организирање на обуки, работилници и трибини за развој на теоретски знаења и практични вештини од прва помош за кои ќе бидат организирани и квизови и натпревари. Општина Ѓорче Петров се стреми да биде регионален центар за изведување на активности од оваа област.

## 82. ВЕЛОСИПЕДСКИ ОСТРОВИ ВО СИТЕ УЧИЛИШТА

Сè поголема е потребата од организирано и навремено пристигнување на учениците на наставата на начин кој ќе го заштити здравјето на учениците и ќе биде во насока на унапредување на екологијата и чувањето на животната средина, а истовремено ќе ја подигне свеста на учениците, родителите, наставниците за екологијата и за здравиот живот. За да се поддржи и да се поттикне ваквата појава, Општината во училиштата ќе направи т.н. „велосипедски острови“, каде учениците ќе можат во сите периоди од денот и годината да ги оставаат своите велосипеди. До сега во училиштата постојат капацитети што се недоволни, а бројот на учениците и наставниците што доаѓаат со велосипед е зголемен.

## 83. ПОДДРШКА ЗА ПОЛУМАТУРАНТИТЕ

Секој полуматурант ќе добие ваучер од 5 000 денари како поддршка за успешен старт на средното образование и подготовка за идните предизвици.

## 84. НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ФАСАДИ НА УЧИЛИШТАТА ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Изградбата на енергетски ефикасни фасади на ООУ „Ѓорче Петров“, ООУ „Мирче Ацев“, ООУ „Страшо Пинџур“, ООУ „Јоаким Крчовски“ и ООУ „Тихомир Милошевски“ претставува капитален проект кој има за цел значително подобрување на условите за образование и намалување на трошоците за енергија. Дополнително, ќе се намали потрошувачката на електрична енергија и греење, а фасадите ќе добијат модерен и естетски изглед, со што училиштата ќе станат современи, пријатни и инспиративни простори за учење.

## 85. РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА И ЗДРАВИ НАВИКИ

Проектот има за цел да ја поттикне свеста на граѓаните за здрава исхрана и здрави навики како превенција за голем дел на хронични заболувања. Во рамките на проектот ќе биде реализирана едукација на учесниците заинтересирани за предавања за здрава исхрана и здрави навики, значењето на составот на храната, улогата на витамините и минералите во организмот и друго.

## 86. РАЗВОЈ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ

Развојот на училишните спортски лиги ќе продолжи преку доопремување на училиштата и спортските сали во сите основни училишта на територија на Општина Ѓорче Петров.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## 87. 8 000 ДЕНАРИ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ

Проектот има за цел финансиска поддршка на семејствата со новороденчиња преку финансиска поддршка од 8 000 денари за секое новороденче. Оваа мерка претставува израз на грижа и солидарност од страна на општината кон младите семејства и новородените деца со цел полесно совладување на првичните трошоци што настануваат по раѓањето на дете.

## 88. ПОДДРШКА ЗА БРАНИТЕЛИТЕ

Обезбедуваме долгорочна поддршка за бранителите од Општина Ѓорче Петров, преку ослободување од комуналии, бесплатен упис на децата во градинки и учество во екскурзии, со цел подобрување на животниот стандард и социјалната интеграција.

## 89. ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД 3 000 ДЕНАРИ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ ЗАПИШАНО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Проектот предвидува доделување на еднократна финансиска поддршка од 3 000 денари за секое дете кое ќе се запише во прво одделение во училишта на територијата на Општината. Целта на проектот е да се помогне на семејствата при почетокот на новата учебна година, да се олесни набавката на учебници и училишни материјали и да се поддржи образованието на децата.

## 90. СУБВЕНЦИИ ЗА МЛАДИ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ ЗА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА Б-КАТЕГОРИЈА

Младите што сакаат да управуваат возило, мора да имаат возачка дозвола и да бидат одговорни возачи за да имаме безбеден сообраќај за сите. Во таа насока, за поддршка на младите идни возачи ќе го реализираме проектот за доделување на субвенции за обука и полагање за возачка дозвола Б-категорија. Субвенцијата ќе биде во висина од 10 000 денари.

## 91. ПРВО СЕНЗОРНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ХРОМ

Проектот „Сензорно детско игралиште во Хром", прво игралиште од ваков тип во државата, има за цел да создаде инклузивно и стимулирачко опкружување за деца од сите возрасти и способности. Сензорните игралишта се дизајнирани да поттикнат се-

тилна и моторичка активност, што е особено корисно за деца со аутизам, дислексија, АДХД или други развојни предизвици.

## 92. НОВ ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМ

Проектот предвидува изградба на модерен пензионерски дом во централното градско јадро кој ќе обезбеди безбеден, удобен и социјално стимулирачки простор за старите лица. Домот ќе вклучува простории за престој, рекреативни и социјални активности, здравствена и терапевтска поддршка, како и простори за организирани настани и дружби.

## 93. СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС ЗА НЕГА НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ

Општината се обврзува да најде практичен модалитет за отворање на социјален сервис на нега за стари лица во нивните домови на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, при што ќе им се обезбеди помош и поддршка за достоинствено стареење во рамките на локалната заедница.

## 94. ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО

Овој проект подразбира општината да прави мапирање на лицата со инвалидитет и нивните потреби, носење на стратегиски планови за лицата со хедикеп, носење на годишни акциски планови за унапредување на состојбата на лицата со инвалидност со конкретни мерки и активности и други проекти кои треба да го олеснат животот на лицата со инвалидитет на локално ниво.

## 95. ПСИХОЛОШКО СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА МЛАДИ

Проектот има за цел да обезбеди стручно психолошко советување и поддршка за младите од Општина Ѓорче Петров, со посебен фокус на превенција на ментални проблеми, поддршка при академски и лични предизвици, како и промоција на менталното здравје.

## 96. ОБУКИ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ВО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Целта на програмата е да обезбеди стабилно и долгорочно вработување за ранливите категории преку практични обуки и директно поврзување со работодавци. Програмата опфаќа развој на професионални вештини во различни области, менторска поддршка при изработка на професионални биографии (CV) и подготовка за интервјуа, како и вклучување во работен однос со поддршка од општината и партнерски компании.

## 97. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА УЧЕНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Општина Ѓорче Петров ќе обезбеди еднократна годишна финансиска поддршка од 10 000 денари за сите ученици со попреченост, според класификацијата МКФ. Целта е да се помогне во покривање на потребите за образование, развој и секојдневни активности, со што се унапредува еднаквоста и инклузијата на лицата со попреченост во образовниот процес.

## 98. ПРВ ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Проектот предвидува отворање на првиот дневен центар во Општината за деца и адолесценти со попреченост, кој ќе обезбеди поддршка, едукација и социјална инклузија. Центарот ќе нуди терапевтски и едукативни програми, рекреативни активности и поддршка за семејствата на лицата со попреченост, создавајќи безбедна и стимулирачка средина.

## 99. РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА ШТО ГО ПОБЕДИЛЕ КАРЦИНОМОТ

Проектот опфаќа ставање во функција на реконструираниот објект на основното училиште во Кучково, со цел престој и ресоцијализација на деца што го победиле карциномот. Предвидено е и изградба на дополнителни содржини за спорт и рекреација, како и пешачка патека до рекреативниот центар Крст – Кучково.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Спортот е клучен за здрав начин на живот, развој на таленти. Инвестирањето во спортска инфраструктура и активности не само што ја подобрува физичката подготвеност на граѓаните, туку создава и простор за социјална интеракција, рекреација и здраво натпреварување.

## 100. СПОРТСКИ ЦЕНТАР СТОПАНСКИ ДВОР

Проектот предвидува изградба на модерен спортски центар во населбата Стопански Двор сместен во непосредна близина на новата детска градинка. Центарот ќе вклучува спортски терени, мултифункционални терени за рекреација и спортски активности, како и простории за поддршка на спортските програми за деца и возрасни. Со овој проект ќе се овозможи подобар пристап до спортски содржини, ќе се промовира здрав начин на живот и активна рекреација, а исто така и ќе се унапреди социјалната и урбаната инфраструктура на населбата.

## 101. СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН КОМПЛЕКС ВОЛКОВО – ПРЖИНА

Проектот предвидува изградба на модерен спортско-рекреативен комплекс на место на старото фудбалско игралиште во населбата Пржина Волково. Комплексот ќе вклучува нови спортски терени, пешачки и рекреативни површини, места за одмор и простор за организирани спортски активности за сите возрасти.

## 102. СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНА ЗОНА ЈУРИЈА

Спортско-рекреативната зона Јурија претставува современ мултифункционален простор кој ќе биде наменет за спорт, игра и активно дружење на сите генерации. На површина СЗ 24 ќе се изгради уреден терен за баскет со соодветна подлога и осветлување, што ќе овозможи користење и во вечерните часови, како и модерно детско игралиште со безбедни и атрактивни содржини за најмладите.

## 103. ВИДЕОНАДЗОР НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Проектот предвидува поставување на систем за видеонадзор на сите спортски терени, детски игралишта, паркови и јавни површини во Општината, со цел зголемување на безбедноста и заштита на опремата и инфраструктурата.

## 104. АРЕНА НА ПРИРОДАТА КУЧКОВО

Проектот предвидува изградба на голем спортско-рекреативен парк во населеното место Кучково, кој ќе биде организиран во повеќе функционални зони, прилагодени за различни видови активности. Паркот ќе вклучува спортски и авантуристички елементи за млади и возрасни, зони за излет и одмор, рекреативни површини за семејства, како и места за слободни активности. Сообраќајот и паркирањето ќе бидат организирани со голем простор за паркирање за 300 возила, овозможувајќи лесен и безбеден пристап.

## 105. ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА КРСТ - КУЧКОВО

Проектот предвидува изградба на пешачко-велосипедска патека од центарот на Кучково до локалитетот Крст, со современа инфраструктура и осветлување. Патеката ќе овозможи безбедно движење за пешаци и велосипедисти, ќе поттикне активен и здрав начин на живот и ќе создаде нов простор за рекреација и социјални активности за жителите.

## 106. ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ВОЛКОВО - ОРМАН

Проектот предвидува изградба на нова пешачко-велосипедска патека на потегот од населбата Последна 22 до Орман. Патеката ќе биде уредена со современа инфраструктура и осветлување, овозможувајќи безбеден и удобен пристап за пешаци и велосипедисти.

## 107. ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА И СПРАВИ ЗА ВЕЖБАЊЕ (ПАРКОВИ ЗА ФИТНЕС)

За подобрување на здравјето на граѓаните ќе бидат обезбедени еднакви можности за физички активности со што ќе се поттикнат граѓаните и ќе биде подигната свеста за здрав начин на живот. Целта е да се изградат мултифункционални спортски игралишта и справи за вежбање (паркови за фитнес). Дополнително на местата каде што ќе бидат поставени игралиштата и справите ќе бидат поставени и информативни табли за правилно користење и изведба на правилни вежби.

## 108. СПОРТ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во насока на унапредување на здравјето на лицата со атипичен развој и развивање на инклузивна средина преку спорт и рекреација ќе изготвиме специјални рекреативни програми прилагодени на лицата со атипичен развој. Според програмите со овие лица ќе работат професионални едукатори и наставници што ќе бидат обучени за работа со оваа целна група. Дополнително ќе бидат организирани и практични спортски активности согласно со потребите и можностите на лицата.

## 109. КАМПАЊА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА УЧЕСТВО НА ДЕВОЈЧИЊА И ЖЕНИ ВО СПОРТ И СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ

За разбивање на стереотипите за учество на девојчиња и жени во спорт и спортско-рекреативни активности ќе се направат активности за нивно зголемено учество во спортот. Воедно како позитивни примери ќе се посочат досегашните успеси на жените во спортот и ќе се зголеми нивната видливост. За таа цел ќе бидат одржани предавања и работилници од стручни лица, ќе бидат направени практични вежби и ќе бидат организирани специјални денови на спорт и спортско-рекреативни активности на девојчиња и жени. За нив Општината ќе обезбеди ресурси и соодветни стручни лица и невладини организации што ја третираат наведената проблематика. Крајната цел е подигнување на свеста за важноста на родовата еднаквост во спортот.

## 110. ПОДДРШКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА АДРЕНАЛИНСКИ СПОРТОВИ

Во насока на унапредување на спортот и посебно на адреналинските спортови ќе се изврши едукација за тоа што е адреналински спорт со акцент на безбедноста за истите, за што ќе бидат одржани предавања од стручни лица, ќе бидат претставени адреналинските спортови што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров.

## 111. ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ СО ПОДЛОГА ОД ТАРТАН

Како дел од заложбите за развој на спортот и здравиот животен стил кај младите предвидуваме изградба на нови спортски терени со подлога од тартан низ целата територија на Општина Ѓорче Петров. Подлогата од тартан, како современо и еколошки прифатливо решение, овозможува поголема заштита при физичка активност, што е особено важно за децата и младите. Терените ќе бидат поставени во училишни дворови, урбани населби и рурални средини, со цел спортот да стане достапен за секого.

## 112. ПОДДРШКА ЗА МЛАДИ СПОРТИСТИ

Препознавајќи ги трудот, дисциплината и талентот на младите индивидуални спортисти, предвидуваме поддршка за млади спортисти, ученици од Општина Ѓорче Петров. Преку овој проект, ќе се мотивираат младите да продолжат со посветена работа во спортот, а истовремено ќе се помогне во покривање на дел од трошоците за тренинзи, опрема и натпревари.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНАТА

Културата е огледало на идентитетот и духовниот развој на заедницата. Таа претставува простор каде што се спојуваат традицијата и современите изрази на креативноста, градејќи општество кое е живо, динамично и инклузивно. Општината Ѓорче Петров ја препознава културата и затоа вложувањето во културни содржини е еден од приоритетите во оваа програма.

## 113. НОВ МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР

За прв пат во Ѓорче ќе се изгради нов мултимедијален центар. Проектот предвидува целосна реконструкција на стариот Дом на културата во Ѓорче Петров во модерен мултимедијален центар. Центарот ќе вклучува современи сала за настани, простории за работилници, изложбени простори и мултимедијални содржини, обезбедувајќи простор за културни, едукативни и креативни активности за сите генерации.

## 114. КОНЦЕРТНА САЛА ВЕЛЕ ПОЛЕ

Проектот предвидува изработка на физибилити-студија за изградба на современа концертна сала во локалитетот Веле Поле, со капацитет и техничка опременост за одржување на големи светски и домашни манифестации. Со реализацијата на проектот, Веле Поле ќе добие престижен културен и уметнички центар кој ќе привлече врвни изведувачи и организатори, ќе ја збогати културната понуда во Општината, Градот и државата.

## 115. ИЗРАБОТКА НА МОНОГРАФИЈА „30 ГОДИНИ ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“

Во 2026 година, Општина Ѓорче Петров одбележува значаен јубилеј – 30 години од своето основање. По тој повод ќе го реализираме проектот за изработка и издавање на монографија „30 години Општина Ѓорче Петров“, која ќе претставува трајно сведоштво за историјата, развојот и достигнувањата на Општината во изминатите пет децении. Монографијата ќе опфати историски податоци, урбанистички и економски развој, културен и спортски живот, значајни личности, настани и проекти од формирањето до денес. Ќе биде изработена со соработка на историчари, хроничари, фотографи и локални институции, а ќе биде достапна за училиштата, библиотеките, институциите и пошироката јавност.

## 116. ПОДДРШКА НА АНСАМБЛИ И КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА

Ќе обезбедиме континуирана поддршка за ансамблите и културно-уметничките друштва во Општина Ѓорче Петров, кои со своето долгогодишно дејствување претставуваат живи чувари на македонската традиција, музика и фолклор. Посебен фокус ќе биде ставен на учество на манифестации и работа со млади членови кои ја збогатуваат културната сцена на Општината. Преку финансиска, логистичка и институционална поддршка, ќе се овозможи одржување на проби, набавка на традиционални носии, музички инструменти и организација на настани.

## 117. НАГРАДА „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"

Наградата „Ѓорче Петров" има за цел да го истакне и да го награди придонесот на уметниците и културните работници кои со своето дело и активно учество го збогатуваат културниот живот на Општина Ѓорче Петров. Преку оваа годишна награда ќе се препознаат највисоките достигнувања во областа на културата, ќе се поддржат талентите и креативноста, и ќе се поттикнат развојот и промоцијата на локалните културни вредности.

## 118. ФЕСТИВАЛ НА КРЕАТИВНОСТА

Ќе ги поттикнеме и ќе ги вклучиме граѓаните од различни возрасти во културните настани и манифестации со цел да се збогати културниот живот во Општината како што се креативни работилници за деца на отворено („Креативни деца"), креативни работилници за возрасни („Вешти раце"), едукативни работилници за природата и светот околу нас (спој на образование, култура и наука).

## 119. СО ВОВЧЕТО „ПАМПУРЧЕ" ПАТУВАМЕ ВО МИНАТОТО

Преку трибини и предавања, историчари и повозрасни граѓани ќе го споделуваат своето знаење за минатото на општината, додека изложби на ретки фотографии, цртежи инспирирани од минатото и мултимедијални презентации ќе овозможат визуелно и практично запознавање со културното наследство со што се поттикнува свеста за значењето на локалната историја и зачувување на културното наследство за идните генерации.

## 120. ИНКЛУЗИВНО ЃОРЧЕ „СИТЕ СМЕ ИСТИ"

Овој проект вклучува активности (концерти, изложби, претстави и работилници) во кои ќе бидат вклучени лица со интелектуална попреченост.

## 121. ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ И МЈУЗИКЛИ НА ОТВОРЕНО

Организирање театарски претстави за најмалите, но и за возрасните во делот кај амфитеатарот што би се одржувале во текот на годината.

## 122. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „КУЧКОВО“

Проектот вклучува сликање и цртање со ликовни уметници, вклучување на децата и изложба на делата.

## 123. ФЕСТИВАЛ НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ”

Фолклорен фестивал чиј домаќин ќе биде културно-уметничките друштва од Општината, а ќе настапат културно-уметнички друштва од Македонија.

## 124. ФЕСТИВАЛ НА ХИП-ХОП

Проектот вклучува настап на локални, но и други хип-хоп македонски групи, како и вклучување на локални танчери и пејачи.

## 125. МОТО И РОК-ФЕСТИВАЛ

Проектот вклучува мото-дефиле, културно-уметничка програма со настап на рок-бендови пред сè локални изведувачи, штандови со ракотворби, храна и сл., со ставање акцент на вклучување на локални танчери и пејачи.

## 126. ХОРСКА РЕВИЈА

Проектот предвидува организација на хорска ревија – смотра на хорови од цела Македонија. Настанот ќе овозможи промоција на хорското пеење како културна и уметничка традиција, размена на искуства помеѓу различни ансамбли и афирмација на млади таленти.

## 127. МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА „ЃОРЧЕ НЕКОГАШ И СЕГА”

Овој проект вклучува постојана музејска поставка која ќе биде сместена во општинската зграда со соодветен музеолошки пристап, со документи, фотографии, предмети, карти, скици и други придружни материјали која ќе ги истакнува најзначајните историски збиднувања во Ѓорче.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Дигитализацијата е клучен двигател на модерното општество и основа за поефикасна, транспарентна и инклузивна општина. Со примена на современи технологии се создаваат услови за побрзи и поедноставни административни услуги, подобро управување со ресурсите и поголема достапност на информациите за сите граѓани.

Преку оваа програма, Ѓорче Петров ќе ја започне својата целосна дигитална трансформација – од воведување електронски седници на Советот и воспоставување електронски услуги за граѓаните, до развој на интегриран систем за управување со документи и имплементација на системот ГИС за подобро урбано планирање. Дополнително, со воспоставување бесплатни зони за безжичен Интернет (WiFi0, ќе се овозможи дигитална инклузија и пристап до Интернет за сите.

Целта е да се создаде општина која е поефикасна, поотчетна и поблиска до граѓаните, со намалени трошоци, поедноставени процедури и современи дигитални решенија достапни за секого.

## ➤ 128. Е–СЕДНИЦИ НА СОВЕТ

Ќе воведеме електронски седници на Советот со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа ќе воспоставиме електронски Службен гласник на Општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## ➤ 129. ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Во соработка со Владата и со меѓународни партнери ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект, одобрение за адаптација, доградба, наградба, аплицирање за социјални услуги, субвенции, согласност за приклучоци на комунални услуги, извод од Детален урбанистички план, согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна парична помош за новороденче.

## ➤ 130. Е–СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИ

Во соработка со Владата ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на Општината. Сите документи што ќе се создаваат, ќе се

примаат или ќе се испраќаат во институциите, ќе се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до негово архивирање или уништување согласно со законската регулатива. Тоа ќе ја зголеми ефикасноста во комуникацијата помеѓу институциите, времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.

## 131. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ГИС

Проектот предвидува воведување на ГИС (Географски информациски систем) во Општина Ѓорче Петров, со цел унапредување на управувањето со просторните и инфраструктурните ресурси. Со системот ГИС ќе се овозможи прецизна евиденција и анализа на урбаните податоци, подобрување на планирањето и одржувањето на јавните површини, патната мрежа, зелените површини и комуналната инфраструктура. Дополнително, системот ќе овозможи брзо донесување одлуки, подобра транспарентност и подобра комуникација со граѓаните преку дигитални платформи.

## 132. БЕСПЛАТНИ ЗОНИ СО БЕЗЖИЧЕН ИНТЕРНЕТ

Проектот предвидува воспоставување на бесплатни зони со безжичен Интернет на јавни места во општината, со цел сите граѓани и посетители да имаат лесен пристап до Интернет. Со оваа иницијатива се поттикнува дигиталната инклузија, се олеснуваат комуникацијата, учењето и работењето на отворено, како и користењето на современи технологии за секојдневните потреби на граѓаните.

# ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Економскиот развој и урбанистичкото планирање претставуваат клучни столбови за создавање современа, функционална и атрактивна општина. Развојот на економијата преку поддршка на младите иноватори, претприемачи и инвеститори со современи урбанистички решенија кои овозможуваат уреден простор, нови населби, јавни содржини и инфраструктура. Целта е да се создаде општина со јасна визија за развој, динамична економија, контролирано и планско регулирано градење како и одржливи решенија што долгорочно ќе ја подобрат конкурентноста и квалитетот на животот на граѓаните.

## 133. ЃОРЧЕ ТВОЈ ДОМ

Проектот предвидува изградба на нова населба Богородица во Стопански Двор, со цел да се овозможи пристапно домување за млади брачни парови. Програмата нуди можност за изградба на куќи ослободени од надомест за уредување на градежно земјиште, обезбедувајќи финансиски олеснувања и поддршка за младите семејства. Со реализацијата на проектот ќе се стимулира населување на младите во Општината, ќе се создаде современа и функционална средина за живеење и ќе се овозможи долгогодишен развој.

## 134. ПОТТИКНУВАЊЕ НА МЛАДИ ИНОВАТОРИ, ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРАКТИКИ

Проектот има за цел да го поттикне креативниот потенцијал, иновациите и претприемништвото меѓу младите преку повеќе активности: обезбедување финансиска поддршка за студенти иноватори за развој на нивни идеи и прототипи, организирање бизнис-форуми за промоција на локалниот инвестициски потенцијал и поттикнување на соработка со домашни и странски инвеститори, како и реализирање на летно практикантство за средношколци и студенти во локални компании. Со овие активности младите ќе имаат можност да развијат вештини за претприемништво, тимска работа и технолошки иновации, да ја реализираат својата иновативна идеја и да стекнат практично искуство во работната средина.

## 135. ПРОСТОР ЗА СОРАБОТКА (COWORKING SPACE)

Проектот предвидува создавање на мултифункционален простор за соработка за ученици, студенти, истражувачи, уметници и граѓански организации. Просторот ќе овозможува работа на проекти, креативни активности, обуки и иновации, поттикнувајќи соработка, учење и развој на заедницата во современа и функционална средина.

## 136. ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ 2026 – 2031

Проектот има за цел да го насочи развојот на општината кон јасни, долгорочни и остварливи приоритети. Преку изработка на стратегија за развој, ќе се утврдат клучните области и насоки во кои општината ќе инвестира, со фокус на инфраструктурата, економијата, образованието, културата и животната средина. Стратегијата ќе овозможи планирање и реализација на проекти кои носат видливи и одржливи придобивки за граѓаните, ќе ги рационализира ресурсите и ќе ја поттикне транспарентноста и ефикасноста во работењето на општината. Со оваа иницијатива, општина Ѓорче Петров ќе обезбеди јасна визија за развој и долгорочна корист за сите граѓани.

## 137. ПАРТНЕРСКИ ПРОГРАМИ ЗА РАЗМЕНА НА ЗНАЕЊА И ДОБРИ ПРАКТИКИ

Преку директна соработка со европски градови и институции, ќе се овозможи пренесување на проверени и ефикасни решенија во областа на локалното управување, урбаниот развој, животната средина, дигитализацијата, образованието и јавните услуги. Овие програми ќе вклучуваат студиски посети, заеднички проекти, едукативни семинари и размена на административен и стручен кадар. Целта е преку практично учење и дијалог да се зајакне капацитетот на локалната самоуправа, да се модернизира општинското работење и да се доближат европските стандарди до граѓаните на Ѓорче Петров.

## 138. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 14

Урбанистичкиот план опфаќа површина од 64,96 ha, со граници дефинирани од бул. „Црногорска", бул. „Македонска Војска", бул. „Ѓорче Петров" и ул. „Сремски Фронт". Во опфатот доминира домување, со планирани јавни содржини – детска градинка, основно училиште, православна црква, јавни паркови, спортски игралишта и паркиралишта. Главна цел е контролиран плански развој, усогласување на планските елементи со катастарските планови и отворање можности за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура.

## 139. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 21

Урбанистичкиот план опфаќа површина од 82,30 ha, со граници дефинирани од бул. „Ѓорче Петров", бул. „Македонска Војска", ул. „Алекса Демниевски" и ул. „Сремски Фронт".

Планирани се проширувања и нови јавни содржини: градинки, ново основно училиште, проширување на постојното училиште, надградба на Домот на култура и стадионот на ФК „Ѓорче Петров", нови спортско-рекреативни содржини и јавни зелени простори. Главната цел е обезбедување услови за плански развој и реализација на неопходна инфраструктура, со акцент на проширување на капацитетите на детската градинка Росица"– објект „Рипчиња".

## 140. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 25

Урбанистичкиот план опфаќа површина од 28,50 ha, со граници дефинирани од ул. „Веле Марков“, ул. „Војвода Васил Чакаларов“, реката Вардар и бул. „Македонска војска“. Во планот доминира домување, со дополнителни јавни содржини: проширување на стадионот „Млади лавови“, изградба на спортско-рекреативни објекти, мултифункционален културен центар, детска градинка и јавни зелени простори. Главна цел е отворање услови за изградба на нова градинка, реализација на планираната ул. „Веле Марков“ и подобрување на поврзаноста со ул. „Војвода Васил Чакаларов“.

## 141. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВО СЕЛО – БЛОК 2.26

Урбанистичкиот план опфаќа површина од 12,07 ha, лоциран на јужниот дел од с. Ново Село, јужно од црквата „Св. Архангел Гаврил“. Планот предвидува изградба на индивидуални семејни куќи и јавни содржини – детска градинка, јавни паркови и целосна комунална и сообраќајна инфраструктура. Овој план е дел од проектот „Ѓорче – твој дом“ и има за цел создавање услови за нова населба со стимулативни мерки за млади брачни парови.

ВМРО-ДПМНЕ